АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



Март 2022 Бр.3

## Билатерална средба помеѓу АВМУ и АРКОМ



Претставници на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 31 март одржаа работна средба со Беноа Лутрел, советник од Регулаторното тело за аудиовизуелна и дигитална комуникација на Република Франција (АРКОМ).

Целта на посетата беше споделување на искуства и размислувања во повеќе сегменти, меѓу кои имплементацијата на ревидираната Директива за аудиовизуелни медиумски услуги, мониторингот на медиумски содржини за време на изборни процеси, забраната за реемитување на каналите каде се појавува како основач Руската Федерација или приватни лица, физички или правни лица со потекло од Руската Федерација. На средбата се дискутираше и за регулацијата на социјалните мрежи.

На крајот на средбата беше констатирано дека билатералните односи се од исклучително значење и дека со ваквата пракса треба да се продолжи и во иднина.

## Родот во спортската ТВ програма во фокусот на првиот јавен состанок на АВМУ




Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 28 март го одржа првиот јавен состанок за оваа година, на кој директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски направи пресек на реализираните активности согласно Годишната програма за работа во изминатите три месеци. Присутните имаа можност да слушнат за активностите поврзани со спроведените надзори врз радиодифузерите, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, издавачите на печатени медиуми, изречените мерки јавна опомена, изработените истражувања, активностите на полето на меѓународната соработка.

На состанокот беа презентирани и наодите од Анализата „Родот во медиумите 2021: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во спортската програма на националните терестријални телевизии“, со која за прв пат се дава квантитативен и квалитативен увид во тоа колку и како известуваат националните телевизии за спортистките и спортовите во женска конкуренција, наспроти спортистите и спортовите во машка конкуренција.



Анализата која за потребите на Агенцијата ја изработи Институтот „Ресис“ покажа дека информирањето за спортот и спортските настани и пренесувањето на спортски натпреварувања, има значајно место во вкупната програмска шема на Јавниот радиодифузен сервис. Јавниот сервис настојува да води осмислена и конзистентна уредувачка политика поврзана со спортот, односно кај него има жанровска разноликост и очигледно голем диверзитет на претставени спортови на кои им е отстапено забележително времетраење. На програмата на трите анализирани канали – МРТ 1, МРТ 2 и МРТ 3, доминираат тимските спортови во машка конкуренција. Востановено е доминантното присуство на мажи меѓу новинарите наспроти маргиналното учество на новинарки, како и доминација на мажите спортски работници односно спортски експерти.

Приватните телевизии ТВ Алфа, ТВ Сител, ТВ Канал 5, ТВ Телма и ТВ Алсат-М значително помалку време му посветуваат на спортот во однос на Јавниот сервис. Ова е целосно очекуван наод, со оглед на тоа што поради веќе откупените права за емитување, приватните телевизии немаа преноси од Летните олимписки игри. Сепак, меѓу петте приватни телевизии има видливи разлики во начините на кои ги покриваат спортските настани и во вниманието кое му го посветуваат на спортот. Во редовната спортска информативна програма сметајќи ги индивидуалните и тимските спортови има доминација на спортовите во машка конкуренција. Спортските експерти се речиси целосно отсутни од редовната програма на приватните телевизии, додека ставови и анализи за спортските настани редакциите барале доминантно од машки спортски работници.





## Надзори врз радиодифузери, печатени медиуми и оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

### Радиодифузери

Редовен програмски надзор за повеќе законски обврски - почитување на правилата при емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации, заштита на малолетната публика, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање, емитување игри на среќа и обезбедување квизови или други облици на наградно учество, заштита на малолетната публика, рекламирање, спонзорство, употреба на јазикот во програмата, обврски за емитување 12 часа програма и за исполнување на квотата за изворно создадена програма, објава на импресум, информации коишто треба да се направат достапни на корисниците и за објава на идентификација на радиодифузерот, редовен административен надзор е извршен врз Наша ТВ и ТВ 24 Вести. При надзорот е констатирано дека на програмата на ТВ 24 Вести на 4 март 2022 година, емитувана е забавно документарна емисија „1001 оброк" која не е означена како програма во која се пласирани производи, а некои производи промотивно се препорачуваат преку визуелно и вербално прекумерно истакнување.

По добиени известувања од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство, за емитување незаконски аудиовизуелни комерцијални комуникации за додатоци во храна, спроведени се повеќе вонредни програмски надзори врз ТВ Канал 5 и ТВ Сител. При надзорите е констатирано дека спротивно на ЗААВМУ на 21, 22 и 23 февруари 2022 година на програмата на ТВ Канал 5 и ТВ Сител се емитувани телешопинг спотови за производите „Бронфо протект – 500 мл." и „Диабетол форте-30 капсули", на операторот со храна „Натура терапи" ДООЕЛ Скопје, во кои лажно се претставуваат нивната природа и карактеристики, односно тие се невистинити и нечесни, со што ја заведуваат јавноста и се против интересите на потрошувачите. На истите датуми, на ТВ Канал 5 се емитувани телешопинг спотови за додатокот во исхрана „Бронхо протект" во кој визуелно и тонски се појавува и редовна презентерка на вести на истата телевизија, додека на ТВ Сител во делови од утринската, информативно-забавна емисија „Ја сакам Македонија" емитувани се прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации на производите „Бронхо протект" и „Простатол комплекс" и се емитувани телешопинг спотови за додатокот во исхрана „Бронхо протект" во кој визуелно и тонски се појавува редовна презентерка на вести на Канал 5 Телевизија. Дополнително кај ТВ Канал 5 е констатирано дека спротивно на ЗААВМУ, на 22 и 23 февруари во делови од утринската, актуелно-информативна емисија „Здраво Македонијо", емитувани се прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации на производите „Бронхо протект" и „Диабетол Форте".

Врз основа на писмени иницијативи поднесени од граѓанска организација за начелата – посебна забрана за поттикнување или ширење дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на забранетите дискриминаторски основи, спроведен е вонредни програмски надзори врз ТВ Канал 5 и ТВ Алфа. Надзорите покажа дека на програмата на ТВ Канал 5, во емисијата „Само вистина" емитувана на 21 февруари и на програмата на ТВ Алфа во емисијата „Што не е јасно" емитувана на 23 февруари, не се прекршени посебните забрани од членот 48 од ЗААВМУ. За наодите беа информирани и медиумите и подносителот на иницијативата.

Агенцијата врз основа на добиено Барање за објаснување, информации и докази за наводите во претставка, поднесена од страна на физичко лице до Народниот правобранител – подрачна канцеларија Кичево, спроведе вонреден програмски надзор за начелата за вршење на дејноста врз емисијата „КОД" емитувана на ТВ Телма. Надзорот покажа дека ТВ Телма, во емисијата „КОД" со наслов „Година затвор за прегазување на полицаец, убиство или самоодбрана на Пале" емитувана на 6 февруари, во првиот дел кој се однесува на судскиот спор во кој учествува подносителот на претставката, донела уредничка одлука да го објави целосното име и презиме на обвинетиот, датумот на раѓање и местото на живеење, иако судскиот процес за овој случај е во фаза на жалба пред Апелациониот суд Гостивар и за истиот нема донесено правосилна одлука. Со објавувањето на идентитетот на подносителот на претставката (името и презимето, датумот на раѓање и местото на живеење), ТВ Телма постапила спротивно на начелото за „почитување на пресумпција на невиност" од членот 61 став 1 алинеја 5 од ЗААВМУ.

### Печатени медиуми

Агенцијата спроведе редовен административен надзор врз 20 издавачи на печатени медиуми со цел да констатира дали податоците за сопственичка структура ги имаат објавено во најмалку еден дневен весник, еднаш годишно, најдоцна до 31 март 2022 година и дали 15 дена од денот на објавувањето доставиле исечок од објавата до надлежното регулаторно тело. Надзорот покажа дека сите издавачи на печатени медиуми постапиле согласно Законот за медиуми.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



*NEWSLETTER*

**Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи**

За обврските коишто се однесуваат на регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто ги реемитуваат операторите, извршен е редовен програмски надзор врз операторите Роби, КДС Кабел Нет, Скрембл, Траншпед Трејд, Алтра Сат 2000, Инел Интернационал, Кабел и Кабел Л Нет. При надзорот не се констатирани прекршувања.

За обврските според кои операторите на ЈЕКМ се должни во програмскиот пакет кој го реемитуваат задолжително и бесплатно да се содржани програмските сервиси на Јавниот радиодифузен сервис, извршен е редовен програмски надзор врз операторите Глобал Сат, Инфел-КТВ, Кабел-Нет, Пет Нет, Алтра Сат 2000, Инел Интернационал, Кабел, Кабел Л Нет, Роби, Траншпед Трејд и КДС-Кабел Нет. Надзорот покажа дека операторот Алтра Сат 2000 кој според нотификацијата од Агенцијата може да врши дејност на територијата на општина Охрид, на 10 март за своите корисници ги реемитувал програмските сервиси „RTR Planeta“, „Russia 24“, „Al Jazeera“ и „DM Sat“, коишто не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата.

**Изречени мерки јавна опомена**

Советот на Агенцијата на 11-та седница одржана на 18 март 2022 година, врз основа на констатации од извршен надзор каде е утврдено непочитување на обврската за регистрација на програмските сервиси кои операторот Алтра-Сат 2000 од Охрид ги реемитувал за своите корисници, донесе решение за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на спорните ТВ канали. На истата седница донесено е и решение за преземање мерка јавна опомена за ТВ Дуе од Гостивар, поради тоашто не ги објави податоците што е должна телевизијата да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Советот на Агенцијата на 9-та седница одржана на 10 март 2022 година донесе четири решенија за изрекување мерка јавна опомена за ТВ Дуе од Гостивар, ТВ Гурра од Кичево и Г-ТВ Телевизија од Гостивар. На Г-ТВ Телевизија, ТВ Дуе и ТВ Гурра им се изречени мерки јавна опомена затоа што на своите програмски сервиси не емитувале минимум 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела во период од 7:00 до 19:00 часот. Дополнително на ТВ Дуе мерка јавна опомена е изречена и за непочитување на обврската за употреба на јазикот во програмите.

Советот на Агенцијата на 8-та седница одржана на 3 март 2022 година врз основа на констатации од контролен административен надзор донесе решение за преземање мерка јавна опомена за ТВ Гурра од Кичево поради не обезбедување на информациите коишто треба да им се направат достапни на корисниците.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје
тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401
е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk